**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

**Број 08-143/1**
**05.03.2026 година**
**Пласница**

Врз основа на член 46 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" Бр.32/20, 111/23, Автентично толкување 73/24 и 74/24, Градоначалник на општина Пласница на ден 06.03.2026 година објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

За пријавување на членови на партиципативното тело на општина Пласница

1. **Предмет на јавниот повик е:** Доброволно пријавување на лица за членови на Партиципативното тело на општина Пласница.

   Партиципативното тело на општина Пласница ги претставува сите различни интереси и интересни групи во општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

   Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

2. **Услови за пријавување:** Пријава по овај јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кои се претставници од урбаните имесните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активности од подрачјето на општината што ги претставува различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

3. **Документи кои се поднесуват:**
   -Пријава за член на партиципативното тело на општина Пласница
   (образецот е во прилог на повикот),
   -Кратка автобиографија,
   -Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци
   (образецот е во прилог на повикот),
   -Изјава за прифаќање на условите по овај повик
   (образецот е во прилог на повикот)
   -Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на огласот (копија)

4. **Рок и место на поднесувањето на пријави:** Пријавите по јавниот оглас со комплетна документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: општина Пласница во рок од 30 дена од денот на објавување на јавниот повик.
   На пријавата да се наведе: **„Пријава по јавен оглас за членови на партиципативно тело за подрачјето на општина Пласница"**

5. **Обврски на членовите на партиципативното тело:** Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да биде предложена на градоначалникот за одобрување, како урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.Работата на партиципативното тело е јавна.
   Согласно одредбите од Закнот за урбанистичко планирање, членовите на Партиципативното тело не ги следува надоместок за учество во неговата рабта.

6. **Начин на работа:** Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на Оштина Пласница, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

7. **Дополнителни информации на тел**: 045/287/086 локација Општина Пласница (Одделение за урбанизам комунални дејности, заштита на животната средна и ЛЕР.

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**АЛИЈА ЈАОСКИ**